Трговско друштво за производство, трговија, сервис и услуги
МЕДИТЕК ДООЕЛ
Бр. 0307-01/22
12.01.2022 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-181/1
11.01.2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
**за јавна набавка на стоки**
**Оглас: 20713/2021**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија**,
ул. Водњанска бр.17, Скопје застапувана од Мед.Директор Доц.Др. Иван Барбов и ВД.Орг.Директор Др. Аљајдин Хавзиу од една страна, и

2. **МЕДИТЕК Дооел Скопје**, адреса: Лондонска бр.10 лам.3, лок.4, 1000 Скопје со ЕМБС: **7069952** застапуван(о) од Управител- Одговорно лице: Глигор Кушоски, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка се стоки за набавка на **Апарат за ЕМГ и ЕП.**
**Количина – 1 парче**
По делови,според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната цена без ДДВ: 1.200.000,00 денари,

Вкупно ДДВ: 216.000,00 денари,

**Вкупна цена со ДДВ: 1.416.000,00 денари.**

Единечната цена на стоките е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од **60** дена од денот на доставеното требување од ЈЗУУ Клиника за Неврологија - Скопје. Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договорот
Лице задолжено за реализација на договорот: Дипл.маш.инж. Дарко Божиновски – 070 370 626

## VII.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВШРУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно извршување на договорот во висина од **5%** од вредноста на договорот со вклучен ДДВ.